Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22, став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 40 став 1 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 01/26), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 18-та седницата одржана на ден __.11.2026 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за дополнување на Програма
за изработка на Урбанистички планови
во Општина Велес во 2026 година

Во Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес во 2026 година („Службен гласник на Општина Велес” бр.17/26, 02/26, 06/26 и 11/26), се врши дополнување и тоа:

Во глава II –„Планирање”, во точка 3 „ Планирани за изработка“ после точка 46 се додава реден број 47 со следната содржина:

47	Планска програма за изработка на ДУП за дел од УЕ 1, дел од УБ 7, плански опфат помеѓу ул. АСНОМ (Моша Пијаде), граница со УБ 8, граница со УБ 9, граница на зона со намена Б/В и зона со намена Е 1.2, граница со УБ 2 и граница со УБ 1Б, КО Велес од Измена и дополнување на ГУП за дел од УЕ 1, УБ 7 и УБ 9, Општина Велес, во синхронична постапка	Приватна иницијатива

2.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

1	ДУП за дел од УЕ 1, дел од УБ 7, плански опфат помеѓу ул. АСНОМ (Моша Пијаде), граница со УБ 8, граница со УБ 9, граница на зона со намена Б/В и зона со намена Е 1.2, граница со УБ 2 и граница со УБ 1Б, КО Велес од Измена и дополнување на ГУП за дел од УЕ 1, УБ 7 и УБ 9, Општина Велес, во синхронична постапка.
	Површината на предметниот плански опфат влегува во опфатот на Измена и дополнување на ГУП за дел од УЕ 1, УБ 7 и УБ 9, Општина Велес, која е во постапка за донесување. За овој опфат инвеститорите имаат потреба за изработка на ДУП во синхронична постапка, за да се усогласат основните и компатибилните класи на намени на земјиштето од Измена и дополнување на ГУП во постапка со потребите на инвеститорите и со важечката регулатива – Закон за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26) и Правилник за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25,143/25, 241/25, 30/26 и 87/26). Површината на опфатот е 82213,38 м2 односно 8.22 ха, со намена Б, А и Е. Инвеститорите во целост ќе ја финансираат изработката на Детален урбанистички план за дел од УЕ 1, дел од УБ 7, плански опфат помеѓу ул. АСНОМ (Моша Пијаде), граница со УБ 8, граница со УБ 9, граница на зона со намена Б/В и зона со намена Е 1.2, граница со УБ 2 и граница со УБ 1Б, КО Велес од Измена и дополнување на ГУП за дел од УЕ 1, УБ 7 и УБ 9, Општина Велес, во синхронична постапка, во синхронична постапка. Предлог графички: 